Членови на Претседателството се:

доктор **Живко Митревски**, претседател на Сојузот на синдикатите на Македонија и претседател на Синдикатот на работниците од шумарството, дрвната индустрија и енергетика на РМ

**Живко Даневски**, претседател на Синдикат на работниците од агроиндустрискиот комплекс на РМ (АГРО – Синдикат)

**Зоран Георгиевски**, претседател на Синдикатот на работниците од угостителството, туризмот, комунално – станбеното стопанство, занаетчиството и заштитните друштва на РМ (СУТКОЗ)

**Павел Трендафилов**, претседател на Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Македонија (СГИП)

**Љубиша Каранфиловски**, претседател на Самостојниот синдикат за здравство, фармација и социјална заштита на РМ

**Анѓелко Анѓелковски**, претседател на Синдикатот на работниците од текстилната, кожарската и чевларската индустрија на РМ (СТКЧ)

**Пеце Ристевски**, претседател на Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство на Македонија (СИЕР)

**Роберт Симоноски**, претседател на Самостојниот синдикат на работниците од електростопанството на Македонија

**Миќо Стојановски**, претседател на Синдикатот на работниците од сообраќај и врски на РМ (СРСВМ)

**Пецо Грујовски**, претседател на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на РМ (УПОЗ)

**Зоран Мироновски**, претседател на Синдикатот на хемија, неметали и метали на РМ (СХНМ)

**Тихомир Климоски**, претседател на Македонскиот полициски синдикат (МПС)

**Јордан Сандев**, претседател на Синдикатот на поштенските и телекомуникациските работници на Македонија (СПТРМ)

**Милован Арсовски**, секретарот на Синдикатот на графичката, информативната, филмска, издавачка дејност и производство на хартија на РМ (ГИФИХ)

**Гоце Селовски**, претседател на Синдикатот на финансиските дејности на Македонија (СФДМ)

**Мирјана Хаџи Скерлева**, претседател на Синдикатот на работниците од трговијата на РМ (СРТ)

**Сузана Стефановиќ**, претседател на  Мултиетничкиот синдикат за образование на РМ (МЕСО)

**Ристо Ајтов**, претседател на Синдикатот на одбраната и безбедноста (СОБ)

Претседателството го сочинуваат претседателот на ССМ, секретарот на Советот на ССМ и претседателите на синдикатите.

Задачи и надлежности  на Претседателството се:

- ги презема сите потребни активности за реализација на Програмата и Статутот на ССМ;
- донесува ставови и одлуки за кое е надлежно и подготвува предлог-одлуки и други документи за кои е надлежен Советот;
- ја координира активноста на ССМ и синдикатите на сите нивоа кога се работи за заеднички задачи;
- Претседателство го информира Советот за својата работа;
- до Советот дава предлози за кандидат за претседател на ССМ,  секретар на Советот и потпретседатели;
- предлага дневен ред на Советот;
- до Советот предлага измени и дополнувања на  Статутот на ССМ;
- ја организира правната заштита на ниво на ССМ;
- редовно ги следи економските, социјалните и други прашања за положбата на членството и сите работници и презема конкретни активности;
- ги разгледува иницијативите на синдикатите и по своја проценка ги внесува во процедура;
- го утврдува текстот и дава согласност за потпишување на општите колективни договори;
- донесува одлука за внатрешно организирање на ССМ;
- обезбедува и реализира соработка на ССМ со домашни и други меѓународни синдикални организации и асоцијации и невладиниот сектор за остварување на заеднички цели и задачи;
- организира оспособување и образование на синдикални претставници;
- врши именување, дава согласност за именување и избор и врши разрешување;
- врши именување и разрешување на управителите на трговски друштва, задруги, штедилници, банки, и др.;
- го организира финансиското работење во ССМ, се грижи за синдикалниот имот;
- ја организира  работата на Стручната служба во ССМ;
- ја организира информативната дејност на ССМ;
- му поднесува предлози на Собранието на РМ и на други државни органи, како и на организациите на работодавачите во РМ како социјални партнери за закони и други акти кои се однесуваат на материјално-социјалната положба на работниците;
- донесува правилници и акти;
- формира комисии и тела по одредени прашања;

- врши и други работи што ќе му ги довери Советот на ССМ.